**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5306/**

# З А П И С Н И К

**Од 125-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 30.11.2020 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Марјан Цветковски-Директор на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Анета Андонова-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ и Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,125-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Претседателката на советот Смилка Ј Саркањац предложи записникот од 124-та седница на Програмскиот совет да се разгледува на првата наредна седница на советот.
Предлогот беше едногласно усвоен од Програмскиот совет на МРТ.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Рекации по повод емисија од серијалот „Дајте музика“.

2. Разгледување на Приговор на решение за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност бр.9359/4.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Рекации по повод емисија од серијалот „Дајте музика“.**

Вовед по оваа точка даде претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац која истакна дека поради реакциите во јавноста по однос на една емисија од серијалот „Дајте Музика“ свикана е оваа седница,и посочи дека како совет на предходни седници разговарано е во неколку наврати по однос на систем за контрола во смисла на тоа сценаријата што пристигнуваат за проектите со надворешните продукции кој ги прегледува и одборува, и дека денешната расправа треба да се одвива во таа насока.

Снежана Клинчарова истакна дека најрпво пред да се отпочне со расправа по оваа точка да имаат предвид членовите дека предметната епизода која ја посочил порталот „Мотика“ е емитувана во 2015 година,а оваа нашата епизода од „Дајте музика“ е емитувана минатата година.

Ивана Трајковска како предлагач на точката посочи дека идејата на оваа седница е делот околу оригиналноста на сценаријата што ги добиваме од надворешни продукции и кој би ја сносил одогворноста во случај на копирано или плагијат сценарио.

Подоцна повикана беше и вклучена во расправата Анета Андонова Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ која пред присутните кажа дека по однос на првата сезона од серијалот „Дајте музика“ беше постапено по забелешките од Програмскиот совет на МРТ,по однос на оваа сезона и сценаријата се прегледуваат од Редакцијата за деца и млади во Образовната програм на МТВ и притоа вклучени се и лектор и психолог за контрола на истите.Во врска со плагијатот како што тврдат од порталот никој не може да ги знае на памет сите странски детски емисии,лво овој случај пагијат би било доколку цело сценарио е прекопирано и доколку истото е заштитено што препоставуваме дека е бидејќи тие се свестка голема продукција.Во конкретниов случај продолжи Анета не знам како прво дали тие со два превземени пасуси би докааажале плагијат и би се впуштиле воопшто во таковг процес,но ние мораме да имаме во предвид дека МРТ и со првиот и со вториот Договор за копродукција за проектот „Дајте музика“ е комплетно заштитена во овој дел.

Ивана Трајковска посочи дека во член 5 од Договорот за копродукција стои дека продукцијата е должна да ги обезбеди сценаријата за проектот и истите да ги достави до МРТ, е сега прашањето кое се наметнува е, како ние како телевизија може да реагираме кон продуцентот ваквите плагијати или преработки да не се случуваат во иднина,и со тоа да се нарушува угледот на куќата.Анета одговори дека во случајов според мене или со ззјава за отстапување на права или со договор помеѓу сценаристот и продукцијата.

Снежана Клинчарова кажа дека ние како совет треба да се насочиме кон тоа како МРТ да се заштити од евентуални вакви проблеми за кои еве ја алармираме со право, и да видиме дали е тоа е избалансирано дали цената која куќата ја плаќа е соодветна итн.,и притоа да не заборавиме на мисијата која ја има МРТ да го развива копродуцентсвото и соработката со надворешни продуцентски куќи, но да не ги заборави притоа да воведе конкуренција врз постојаните продуцентски куќи за поголем квалитет и секако пониски цени.

Златко Јанковски потсети дека во однос на продукцијата Рифенштал јас и на предходни седници барав да се досатаваат работите кои Рифенштал продукцијата согласно член 5 од договорите имала обврска пред да и се исплатат средства да ги достави и тоа: сценарија за емисиите,договори со ангажираните режисери и договри за ангажираните продуценти.Во продолжение Златко посочи дека за да се исплати договорот во целост за минатата година потребно било овие работи да бидат исполнети како обврски на Рифенштал продукција,ако пак не се исполнети овие обвврски, а од наша страна е ислатен договорот во целост, имаме проблем во функционирање на системот.

Збор зема Директорот на МРТ Марјан Цветковски кажа дека сите договори што ги има продукцијата во конкретниво случај за автори,сценаристи,изведувачи,режисери итн, ги има доставено до МРТ и тоа е една голам бројка на договори и обемен материјал да се копира или пренесува и затоа секој кој што сака да ги види тие договори може да дојде и да ги види во архивата на МРТ без никаков проблем.

Во делот на заштита на МРТ продолжи Директорот, МРТ е заштитена максимално,ние не можеме во било кој проект да знаеме или да го провериме дали има некое копирање делумно или целосно но сме заштитени максимално како куќа со договорите што ги потпишуваме.
Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија побара информација до кај е судскиот спор што МРТ го имаше од минатата година по однос на истиов проект „Дајте музика".Директорот на МРТ Марјан Цветковски одговори дека судскиот спор е сеуште во тек по тужба на еден поранешен вработен во детската програма на МРТ и која работела за плата односно со Договор за рабатоа на неопределено време,и си зела за право врз основа на тоа што го работела како секојдневни работни обврски во МРТ,да мисли дека ги поседува авторските права на то што го работела како работна задача.Ние имаме две вештачења во наша корист и се очекува да има звршница на тој спор во блиска иднина и да го добиеме во наша корист.
Ивана Трајкоска по однос на правата за емитување на содржините од серијалот Дајте музика на јутјуб каналот,што и се дадени на продукцијата Рифенштал со договорот за копродукција,и запраша зошто ние со толкави ресурси како јавен сервис и со толку вработени не можеме да ги емитуваме нашите содржини на наш сопствен јутуб канал, а со самотот тоа да се заштитиме од вакви работи продукциите кој ние ги плаќаме да можат да си ги полнат нивните јутјуб канали со наша програма.Анита одговори дека МТВ нема свој јутјуб канал туку само веб сајт,развивање на социјалните мрежи се планира со новата стратегија која треба да е донесе за брзо време.Директорот на МРТ посочи дека куќата има само еден вработен во тој дел кој го води сајтот и сличните онлине активности, 6 години ние бараме вработувања за во тој сектор но не ни дозволуваат од надлежните министерства.
Заменик претседателот исто така со зебелешка дека продукциите си ставаат материјали и програма од МРТ на своите јутјуб канали без логото на МРТ.Директорот одговори дека забелешката е добра , и дека ќе им биде посоченао на продукциите во иднина да ставаат лого.
По расправата членот Златко Јанковски предложи Заклучок:
•Програмскиот совет на МРТ ги задолжува Директорот на МРТ и Уредникот на Прв програмски сервис на МТВ да обезбедат писмена Информација во која ке биде објаснето како се вршат проверки на сценарија од надворешни продукции,и да се достави копија од Договорот со сценаристот за предметната емисија од серијалот „Дајте музика".
-Со **8** гласа За, **2** Против и **2** Воздржани-Заклучокот беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Приговор на решение за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност бр.9359/4.**
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац ја отвори расправата по Приговорот на решение за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност бр.9359/4 од вработениот во Оддлението за режисерско обликување во МТВ-Марјан Рашован.
Ивана Трајковска запраша каква надлежност има Програмскиот совет на МРТ во ваквиот случај и зоштоприговорот е насочен кон Програмскиот совет.
Снежана Клинчарова посочи дека во Решението за изрекување на дисциплинска мерка Директорот му дал право да оствари жалба до Програмскиот совет на МРТ.
Јагнула Куновска истакна дека во овој случај се наметнува прашањето дали ние како Програмски совет сме второстепен орган кој дефинитивно одлучува во ваква постапка.

По расправата беше предложен Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ го разгледа Приговорот на решение за изрекување дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност со бр.04-9359/6 од 21.10.2020 година,и го задолжува Одделението за човечки ресурси во МРТ да достави правно мислење во врска со надлежноста на Програмскиот совет на МРТ како второстепен орган во Решението за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност.
.Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разно.**
Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија истакна дека иако буџетот е сеуште во фаза на расправа во органите на Собранието на РМ,предложи по оваа точка да се изготви реакција во вид на соопштение од страна на Програмскиот освет на МРТ по однос на буџетот наменет за МРТ за 2021 година.
Претседателката на советот предложи по електронска пошта да се утврди прдлог текст на реакцијата/информацијата, и истиот да биде одобрен изгласан од членовите на советот по е-маил.
По расправата членот Снежана Клинчарова предложи Заклучок:
•Програмскиот совет на МРТ му предлага на Директорот на МРТ да ги награди со зголемување на плата за работна успешност,спортските коментатори кои го вршеа директниот пренос од фудбалскиот натпревар помеѓу репрезентациите на Грузија и Македонија,во рамки на Лигата на нации, одржан на ден 12.11.2020 година во Тбилиси-Грузија,а согласно критериумите утврдени во Колективниот договор на МРТ.

Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател